Врз основа на член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), како и член 1 од Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 21/2022), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

# ИЗВЕШТАЈ

За остварено право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар

Советот на Општина Демир Хисар во 2023 година донесе Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.

Согласно Одлуката, беше утврдена парична помош за секое прваче во износ од 3.000,00 денари.

Во изминатата 2024 година до Општина Демир Хисар беа доставени вкупно 40 барања за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.

Во 2024 година исплатени беа 120.000,00 денари за 40 барања за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар. Од тоа за:

- 32 првачина во ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар;
- 4 првачина во ОУ „Браќа Миладиновци“ Жван и
- 4 првачина во ОУ „Даме Груев“ Смилево.

Бр. 08-_____/__
___.___.2025 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски